**20141424400**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 60 став (7) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА МЕНТОРСКАТА РАБОТА И ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТАРОТ НА МЕНТОРИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на менторската работа (во натамошниот текст: менторство) и водењето на Регистарот на ментори на административните службеници.

Член 2

(1) Менторот во соработка со менторираниот административен службеник ги утврдуваат целите кои треба да бидат постигнати со менторството како и начинот, динамиката и времетраењето на менторството.

(2) При утврдувањето на начинот и динамиката на вршење на менторството треба да се води сметка менторот да може целосно да ги оствари утврдените работни цели и задачи за тековната година.

(3) Времетраењето на менторството треба да соодветствува на утврдените цели, а не може да биде пократко од три месеци, ниту подолго од шест месеци.

(4) Во текот на менторството, менторот му пренесува знаења, вештини и искуства на менторираниот административен службеник, му помага за самостојно извршување на работните задачи, покажува интерес за неговата работа и му дава совети за работа на менторираниот административен службеник.

(5) Во текот на менторството, менторираниот административен службеник извршува работи, работни задачи и активности договорени со менторот во утврдениот рок, отворено дискутира со менторот за проблеми поврзани со извршувањето на работата и на работните задачи како и за други проблеми кои влијаат врз работата и работните задачи и ги следи советите на менторот.

(6) Менторот и менторираниот административен службеник по завршувањето на менторството подготвуваат изјави за завршено менторство, при што во изјавата прават проценка на реализацијата на целите од став (1) на овој член.

(7) Изјавите од став (6) на овој член се доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси во институцијата во која е вработен менторираниот административен службеник, односно до административниот службеник кој ги врши работите на организационата единица за управување со човечки ресурси во институции со помалку од 30 вработени.

(8) Врз основа на изјавите од став (6) на овој член институцијата до која се доставени изјавите, на барање на менторот и/или менторираниот административен службеник се издава потврда за успешно реализирано менторство.

Член 3

(1) Советодавното менторство се остварува преку развивање на општите компетенции на менторираниот административен службеник , утврдени во Рамката на општи компетенции на административните службеници преку:

- конкретни совети на менторот за унапредување на реализацијата на работните цели и задачи и
- редовни консултации во врска со надминување на проблемите кои се јавуваат во тековното работење.

(2) Практичното менторство се остварува преку развивање на посебните компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места преку:

- практична работа во која менторираниот административен службеник под надзор на менторот спроведува дел од своите работни задачи;
- подолготрајно набљудување на работењето на менторот;
- краткотрајно набљудување на работата на менторот во извршување на конкретни работни задачи и
- добивање на совети од менторот по секоја конкретна активност со цел објаснување на очекувањата од активноста и сумирање на резултатите од работните задачи.

Член 4

(1) Во Регистарот на ментори се внесуваат податоци за административните службеници кои имаат завршено обука за ментори и тоа:

- име и презиме;
- институција во која е вработен;,
- работно место;
- контакт податоци (телефон и електронска адреса).

(2) Податоците од став (1) на овој член се внесуваат веднаш по завршување на обуката за ментор.

(3) Административниот службеник се брише од регистарот на ментори на негово барање и во случај на престанок на работен однос за што од страна на институцијата во која бил вработен менторот се доставува известување до Министерството за информатичко општество и администрација.

(4) Во случај на престанок на работниот однос и ново вработување во друга институција, се доставува известување до Министерството за информатичко општество и администрација, преку институцијата во која менторот е вработен заради промена на податоците во Регистарот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување на примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14).

Бр. 14/2-2766/9
16 септември 2014 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски**, с.р.